# Play YOUR WAY

**Ваш бесплатен личен следач на коцкањето.**

Your Play

Play your way

# Што е тоа YourPlay?

## Следете колку пари и време сте потрошиле

YourPlay ви овозможува да следите колку пари и време трошите кога се коцкате. Екранот на вашиот автомат за коцкање ќе го прикажува вашиот тековен вкупен збир, така што секогаш ќе знаете до каде сте. Екраните може да се вклучат или исклучат во секое време за да се заштити вашата приватност.

## Поставете ограничувања и потсетници

За да го искористите во целост YourPlay, може да одберете да поставите ограничувања на парите или на времето што сте ги потрошиле – или и на двете. Екранот ќе ве потсети кога ќе стигнете до 70% и 90% од вашето ограничување. Дури може да напишете и сопствена лична порака за потсетување за да ве поттикне да се придржувате кон поставеното ограничување.

## Проверете го историјатот на вашето коцкање

Корисниците на YourPlay ќе добиваат годишни изводи. Така ќе може да ја видите вашата коцкарска активност во текот на една посета на коцкарницата, во текот на една недела, еден месец или цела година. Изводите може да ги видите преку интернет, да ги добивате по електронска пошта или да ви бидат праќани по обична пошта на вашата домашна адреса.






Погледнете го екранот за да проверите дали се врши следењето




Поставете си сопствени ограничувања и лични потсетници




Личните изводи ви овозможуваат да ги разгледате вашите коцкарски активности во даден временски период

# Со YourPlay можете

> Да следите колку пари и време трошите на играње
> Да одберете да поставите лични ограничувања и пораки за потсетување
> Да добивате изводи за вашата коцкарска активност

# Како да почнам со користење на YourPlay?




Може да се регистрирате за YourPlay преку интернет на **yourplay.com.au** или во киоск во вашата локална коцкарница. Ако сакате да го следите вашето коцкање без да ги регистрирате вашите податоци, побарајте нерегистрирана (casual) картичка YourPlay во коцкарниците. Ако ви треба каква и да било помош, побарајте ја од некој член на персоналот.




Може да поставите ограничувања на времето и потрошените пари кога ќе се регистрирате. Ако ви треба време да размислите за тоа, може да ги поставите ограничувањата во секое време подоцна. Ако само сакате да го следите вашето коцкање, едноставно одберете "без ограничувања“.




Треба да имате картичка за да го користите YourPlay. Картичка може да си земете од која и да било коцкарница во Викторија. Вметнете ја вашата картичка во читачот на автоматот за коцкање, внесете го сигурносниот број (PIN) и може да почнете.

Не заборавајте, ќе добиете годишен извод што ќе ја прикажува вашата коцкарска активност. Вашите информации исто така може да ги видите на местото на интернет на YourPlay или во киоск во коцкарниците.

**#1 Добар совет**

Ќе треба да покажете некој личен документ (на пример, возачка дозвола или понова сметка за комунални услуги) за да ја подигнете вашата регистрирана картичка. Името и презимето на вашиот личен документ мора да бидат исти како името под кое сакате да се регистрирате за YourPlay.

**#2 Добар совет**

Поставете ги или променете ги вашите ограничувања во секое време. Појдете на yourplay.com.au или во некој киоск во коцкарниците.

**#3 Добар совет**

Запомнете го вашиот сигурносен број (PIN). Ќе треба да го внесете кога ќе ја вметнете вашата картичка во читачот за картички.

## Сакате ли да дознаете повеќе?

> Посетете го **yourplay.com.au**

> Разговарајте со персоналот во коцкарницата

> Јавете се на Телефонската линија за помош на корисниците на YourPlay на **1300 838 031** од 10 ч. претпладне до 6 ч. попладне (по источноавстралиско стандардно време - AEST) 7 дена неделно

> Електронска пошта **support@yourplay.com.au**

# Ви треба ли повеќе помош?

### Распрашајте се во вашата локална коцкарница

Правилникот за однесување на викториските коцкарници што имаат дозвола за работа налага персоналот да ви помогне да го користите YourPlay. Ако ви требаат повеќе информации, помош околу регистрирањето или работењето на вашиот киоск за YourPlay, ве молиме распрашајте се кај некој член на персоналот на коцкарницата.

### Достапност

Јавете се во Department of Justice & Regulation Strategic Communication Branch на 03 8684 0334 или пратете електронска порака до editor@justice.vic.gov.au ако овие информации ви се потребни во форма што ви е достапна.

### Дали сте загрижени поради тоа колку се коцкате?

Има многу начини да се добие поддршка. Gambler's Help нуди бесплатни и доверливи 24-часовни услуги. Јавете се во Gambler's Help на 1800 858 858.

### Загрижени ли сте поради однесувањето на коцкарниците?

Ако ве загрижува нешто во врска со однесувањето на коцкарниците, ве молиме јавете се во Victorian Commission for Gambling and Liquor Regulation на 1300 182 457.

# Заштита на вашата приватност

Кога ќе се регистрирате за YourPlay, сите ваши информации ќе бидат доверливи и заштитени од законите, вклучувајќи го и *Законот за приватност и заштита на податоците од 2014 г.* За да го видите нашиот Правилник за приватност, ве молиме посетете го yourplay.com.au

Програмата за преземање обврска однапред се спроведува со дозвола за државата Викторија. Оваа книшка е објавена од Department of Justice & Regulation © Држава Викторија.

# Прашања во врска со YourPlay

## Каде да набавам картичка?

Картичка за пристап до YourPlay може да добиете во секоја коцкарница, вклучувајќи го и Мелбурншкото казино.

## Може ли да го додадам YourPlay на картичка за верност (loyalty card)?

Да. Ако веќе имате картичка за верност, само замолете го персоналот во коцкарницата да ви го додаде YourPlay. Информациите за вашата сметка за YourPlay секогаш се во целост приватни и одвоени од сите други податоци што се чуваат на картичката.

## Може ли да го ставам YourPlay на повеќе картички?

До YourPlay може да пристапите преку толку многу картички колку што ви е тоа потребно. Секоја од тие картички ќе биде поврзана со вашата регистрација за YourPlay така што ќе можете да го следите вашето коцкање во секоја коцкарница.

## Што ќе се случи ако ја загубам картичката?

Ако сте регистрирани, картичката ќе ви биде заменета. Нерегистрираните картички не може да се заменат, па ако ја загубите таквата картичка, ќе го загубите историјатот на вашето коцкање.

## Може ли да ја регистрирам мојата нерегистрирана картичка?

Да. Само прашајте го персоналот во коцкарницата. Ќе треба да покажете некој личен документ за да ја регистрирате картичката. Регистрирањето значи дека историјатот на вашето коцкање ќе биде обновуван со секое ново играње.

## Што ќе се случи ако го достигнам поставеното ограничување?

Автоматот за коцкање ќе биде блокиран за да имате време да одлучите дали сакате да продолжите да играте или не. Исто така запомнете дека, ако сакате да *ги зголемите* вашите поставени ограничувања откако сте почнале да се коцкате, ќе треба да чекате најмалку 24 часа за да почне да важи новото ограничување што ќе го поставите.

## Што се случува со поените за верност ако поставам ограничување и го достигнам?

Ако користите картичка за верност на која е додаден YourPlay, и ако сте избрале да поставите парични и/или временски ограничувања, ќе престанете да заработувате поени за верност кога ќе го достигнете ограничувањето што сте го поставиле.Пак ќе почнете да ги добивате поените за верност штом ќе почне новиот период на ограничување.

## Може ли да ставам пари на мојата картичка YourPlay?

Не. На вашата картичка YourPlay не може да стојат никакви пари. Нејзината намена е единствено да ви овозможи да го следите вашето коцкање и сами да си поставите ограничувања.

Регистрирајте се за YourPlay на yourplay.com.au, на шалтерот на коцкарницата или во киоск што ги има во сите коцкарски објекти во Викторија што имаат дозвола за работа.

**За повеќе информации:**
Јавете се на Телефонската линија за помош на корисниците на YourPlay на **1300 838 031**, од 10 ч. претпладне до 6 ч. попладне (по источноавстралиско стандардно време - AEST) 7 дена неделно.

YourPlay е поддржан од владата на Викторија преку Фондот за поддршка на заедницата.